**Република Северна Македонија**
**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**
**Бр.10-974/1 од 31.07.2023 год.**

Врз основа на член 97 став (1) и став (2) од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15 и 65/18), Градоначалникот на Општина Василево, решавајќи по службена должност за исправка на техничка грешка во Решението за одобрување на урбанистички проект заведено со број 10-1575/2 од 03.11.2022 год. издадено од Општина Василево, го издава следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За исправка на очигледна техничка грешка во управен акт**

Во Решението со бр.10-1575/2 од 03.11.2022 год. издадено од Општина Василево, се исправат следните технички грешки:

1. Во воведот на решението зборовите "урбанистички проект за инфраструктура" се заменуваат со зборовите "урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште".

2. Во диспозитивот и образложението на решението зборовите "КП665 И КП665/1 КО ГРАДОШОРЦИ" се заменуваат со зборовите "ДЕЛ ОД КП бр.665/1 И КП бр.665/2 КО ГРАДОШОРЦИ – ВОНГРАД".

Исправката од точка 1 и 2 има правно дејство од денот кога има правно дејство решението што се исправа.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Василево издаде Решение за одобрување на урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за изградба на настрешница за дел од КП бр.665/1 и КП бр.665/2 КО Градошорци – вонград, заведено под број 10-1575/2 од 03.11.2022 година.

Во воведот на решението е направена грешка при пишување на видот на урбанистичкиот проект кој е предмет на одобрување. Исто така во диспозитивот и образложението на решението направена е грешка при пишување на катастарските парцели и катастарската општина која го сочинуваат опфатот на урбанистичкиот проект.

Врз основа на горе изнесеното Општина Василево одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Ова решение е конечно и извршно а незадоволната странка има право да поведе управен спор пред Управен суд на Р.С.М.

Изработил: Ѓ. Балдовалиев д.и.а.

Контролирал: Б. Андонов

**ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**
ГРАДОНАЧАЛНИК
Славе Андонов